# Формулар за поднесување коментари

**Формулар за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локални улици „1“ и „3“ во н.м. Сопотница во општина Демир Хисар“**

**Опис на проектот**

Проектните активности за рехабилитација на локалните улици „1“ и „3“ ќе се одвиваат во населеното место Сопотница во општина Демир Хисар. Општината е сместена во југозападниот дел на РСМ, западно од Пелагониската Котлина, вдолж главниот патен правец помеѓу градот Битола и градот Кичево.

Улицата „1” има должина од 1.088,93 m и променлива ширина од 3,5 m до 5,5 m. Трасата започнува од пресекот на улица „1” со регионалниот пат Р1305 на југ и завршува во близина на влезот на црквата Свети Никола и гробиштата сместени во црквата. Вдолж улицата, приближно на 150 m од почетокот на трасата, на десната страна од улицата се наоѓа основното училиште „Браќа Миладиновци“. Улицата завршува на пресекот со земјен пат и од десната страна на улицата се сместени локална продавница и црквата Св. Никола со гробиштата кои се наоѓаат во црквата. Останатите објекти кои се наоѓаат вдолж улицата се главно семејни куќи и земјоделско земјиште. Вдолж улицата „1“ се наоѓаат два канала, кои се користат за одведување на водите во Црна Река, која се наоѓа јужно од предметната улица, на растојание од приближно 400 m. Улицата е асфалтирана, во лоша состојба, со ударни дупки и напречни и надолжни пукнатини. На улицата нема вертикална или хоризонтална сигнализација.

Улицата „3” има должина од 431 m и променлива ширина од 2 m до 2,5 m. Трасата започнува од пресекот со регионалниот пат Р1305 и завршува со пресекот со улица „2”. Вдолж улицата се наоѓаат само објекти за домување и земјоделско земјиште. Улицата е асфалтирана, во лоша состојба, со ударни дупки и напречни и надолжни пукнатини. На улицата нема вертикална или хоризонтална сигнализација.

**Електронската верзија на Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локални улици „1“ и „3“ во н.м. Сопотница во општина Демир Хисар“ е достапна на следниве веб-страни:**

- Општина Демир Хисар https://www.demirhisar.gov.mk/
- МТВ: http://mtc.gov.mk/
- ЕИП: www.wbprojects-mtc.mk

| | | |
|---|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | | |
| **Контакт информации*** | **Е-пошта:** ________________________________<br>**тел:** ________________________________ | |
| **Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА:** | | |
| **Потпис**<br>________________________ | **Дата**<br>_____________________ | |

**Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локални улици „1“ и „3“ во н.м. Сопотница во општина Демир Хисар“, ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Сашка Богданова Ајцева**

**Е-пошта:** saska.bogdanova.ajceva.piu@mtc.gov.mk

**Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локални улици „1“ и „3“ во н.м. Сопотница во општина Демир Хисар“**
**(датум на објава: …….)**

**Референтен број: ________________________________**

(**пополнето од страна одговорните лица за спроведување на проектот**)